ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Друштво за приредување игри на среќа
Касинос Аустриа ДОО
Бр. 03-5403/2
12.11.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/22), член 19 од Договорот за основање на друштво со ограничена одговорност - Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа доо Скопје, (Пречистен текст) заведен со архивски број 02-4900/2 од 31.12.2020 година, Пречистен текст на Правилникот за внатрешна организација на Друштвото бр. 02-559/1 од 04.02.2019 година, Општите правила за електронски игри на среќа – Видеолотарија, Пречистен текст, заведени со архивски број 03-1066/2 од 08.07.2016 година, Одлуката за претходно одобрување на усвојување и воведување на дополнителни добивки од страна на Собирот на содружници заведена со архивски број 02-1075/1 од 25.04.2016 година, и Одлуката за воведување на дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot) кај електронските игри на среќа – Видеолотарија (ВЛТ) – Пречистен текст, заведена со архивски број 02-2621/2 од 15.05.2024 година, Одлуката за изменување на Одлуката за воведување на дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot) кај електронските игри на среќа – Видеолотарија (ВЛТ) – Пречистен текст, заведена со архивски број 03-5403/1 од 12.11.2024 година, Генералниот директор на Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за воведување на дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot) кај електронските игри на среќа – Видеолотарија (ВЛТ) – Пречистен текст

### Член 1

Со оваа одлука се дефинираат дополнителни добивки од типот Џек Пот (Jackpot), начинот на остварување, начинот на формирање на пресметковните фондови за добивките, висината и видот на добивките, а во согласност со Општите правила за електронски игри на среќа – Видеолотарија (пречистен текст) заведени со архивски број 03-1066/2 од 08.07.2016 година, одобрени од Министерството за финансии.

Дополнителните добивки од типот Џек Пот (Jackpot) можат да бидат во пари или во предмети (стокови добивки) согласно член 15 од Законот за игри на среќа и забавни игри.

**Категории на добивки**

### Член 2

Се воведуваат следните категории на Џек Пот (Jackpot) добивки:

1. Мини Џек Пот (Mini Jackpot),
2. Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot)
3. Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
4. Премиум Џек Пот (Premium JackPot)

Вкупното издвојување за Џек Пот (Jackpot) добивките претставува збир на поединечните издвојувања за сите категории на Џек Пот (Jackpot) добивки од секое играње (spin) на секој апарат кој е приклучен во системот на дополнителни добивки.

Премиум Џек Пот (Premium JackPot) добивката е еднократна.

**Формирање на пресметковните фондови и параметри за добивката Мини Џек Пот (Mini JackPot)**

**Член 3**

За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секое играње (spin) на секој апарат кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:

- 0,061% за пополнување на пресметковниот фонд за тековниот Мини Џек Пот (Mini JackPot).

Одвојувањето на наведените проценти немаат влијание на редовните добивки на играчите.

**Член 4**

Останати параметри за дополнителната добивка за Мини Џек Пот (Mini JackPot) се:

- Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;
- Почетна вредност на секоја следна добивка: 0 (нула) денари;
- Потребен минимален влог по spin за постигнување на добивката: било кој влог
- Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 4.000 (четири илјади) денари;
- Максимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 5.000 (пет илјади) денари;

**Формирање на пресметковни фондови и параметри за добивката Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot)**

**Член 5**

За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секое играње (spin) на секој апарат кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:

- за пополнување на пресметковниот фонд за тековниот Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot)
    - 0,132% до достигнување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot) односно
    - 0,110% по надминување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot)
- за пополнување на пресметковниот фонд за наредниот Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot)
    - 0,088% до достигнување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot) односно
    - 0,066% по надминување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot) .

Одвојувањето на наведените проценти нема влијание на редовните добивки на играчите

**Член 6**

**Останати параметри за дополнителната добивка за Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot) се:**

- Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;
- Почетна вредност на секоја следна добивка: во зависност од исполнетост на пресметковниот фонд;
- Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 1.200.000,00 (еден милион и двесте илјади) денари;
- Максимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 1.800.000,00 (еден милион и осумстотини илјади) денари;
- Потребен минимален влог по spin за постигнување на добивката: 20 (дваесет) денари.

**Формирање на пресметковни фондови и параметри за добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)**

**Членот 6-а**

За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секое играње (spin) на секој апарат кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:

- за пополнување на пресметковниот фонд за тековниот Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
    - 0,148% до достигнување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot) односно
    - 0,133% по надминување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
    - 0,120% по надминување на вредноста од 6.300.000 денари на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
- за пополнување на пресметковниот фонд за наредниот Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
    - 0,104% до достигнување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot) односно
    - 0,093% по надминување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot)
    - 0,084% по надминување на вредноста од 6.300.000 денари на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot) “

Одвојувањето на наведените проценти нема влијание на редовните добивки на играчите.

**Членот 6-б**

**Останати параметри за дополнителната добивка Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot) се:**

- Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;
- Почетна вредност на секоја следна добивка: во зависност од исполнетост на пресметковниот фонд;
- Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 5.000.000 (пет милиони) денари;
- Максимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: 8.000.000 (осум милиони) денари;

Потребен минимален влог по spin за постигнување на добивката: 40 (четириесет) денари."

**Формирање на пресметковни фондови и параметри за добивката Премиум Џек Пот (Premium Jackpot)**

**Член 6-в**

За формирање на пресметковните фондови на оваа категорија на дополнителни добивки се издвојува процент од износот на секое играње (spin) на секој апарат кој е приклучен во системот на дополнителни добивки, и тоа:

- 0,047% до достигнување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Премиум Џек Пот (Premium Jackpot) односно
- 0,020% по надминување на минималната вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката Премиум Џек Пот (Premium Jackpot)

Одвојувањето на наведените проценти нема влијание на редовните добивки на играчите.

Оваа категорија на добивки е во форма на стокова добивка и тоа патничко моторно возило Mercedes-Benz E 220 d, со вкупна бруто вредност од 5.889.178 со вклучен ДДВ и пресметан данок на личен доход.

Формирањето на пресметковниот фонд на оваа категорија на дополнителни добивки започнува во 00:00:01 часот на 01.12.2024 година и завршува со моментот на постигнување на добивката.

**Член 6-г**

**Останати параметри за дополнителната добивка Премиум Џек Пот (Premium Jackpot) се:**

- Почетна (нулта) вредност на добивката: 0 (нула) денари;
- Минимална вредност на исполнетост на пресметковниот фонд за постигнување на добивката: **4.700.000,00** (четири милиони и седумстотини илјади) денари;

Потребен минимален влог по spin за постигнување на добивката: 40 (четириесет) денари.

**Начин на остварување на добивките**

**Член 7**

Моментот и Видеолотарискиот апарат (ВЛТ) на кој се постигнува односно остварува некоја од дополнителните добивки се определува со помош на генератор на случајни броеви (RNG) кој е вграден во софтверот на платформата за електронските игри на среќа – Видеолотарија (ВЛТ) а по задоволување на условите во поглед на минимална исполнетост на пресметковните фондови за соодветната категорија добивки и потребниот минимален влог за остварување на добивката.

**Исплата односно доделување на добивките**

**Член 8**

За постигнување на сите категории на дополнителни добивки има јасно визуелно и звучно известување на екранот на апаратот на кој се остварени.

Износот на постигнатата Мини Џек Пот (Mini JackPot) добивка влегува веднаш во кредитот за играње на апаратот.

Играчот може да продолжи да игра или да побара ваучер за исплата (cashout voucher), како и за било која друга остварена добивка.

За износот на постигнатите односно остварени Милионер Џек Пот (Millionaire Jackpot), Супер Милионер Џек Пот (Super Millionaire Jackpot) и Премиум Џек Пот (Premium Jackpot) добивките веднаш се печати ваучер за исплата односно доделување.

Овој ваучер задолжително веднаш се потврдува со име и презиме, број на лична карта и потпис на лице вработено или ангажирано кај деловниот соработник кај кого е постигната добивката.

Ваучерот кој не е потврден на начинот наведен во овој член е невалиден.

Износот на валидниот ваучер, по претходна проверка се исплаќа на трансакциска сметка на доносителот на ваучерот единствено во просториите на Приредувачот – Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје.

Стоковата добивка односно Премиум Џек Пот (Premium Jackpot) добивката се доделува на начин и време кој ќе биде договорен со доносителот на валидниот ваучер за постигнатата добивка со негова претходна проверка во просториите на Приредувачот – Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје.

Кај паричните добивки кои подлежат на оданочување, добивката ќе биде намалена за износот на пресметаниот данок на личен доход при што добитникот има обврска да ги достави потребните податоци на изјава – образец.

Кај стоковите добивки кои подлежат на оданочување, данокот на личен доход ќе биде пресметан врз основа на фактурната вредност на добивката со вклучен ДДВ при што добитникот има обврска да ги достави потребните податоци на изјава – образец.

Обврската за пресметка и уплата на данокот на личен доход за паричните и стокови Џек Пот добивки, во законски определениот рок, во име на добитникот, ја има Приредувачот – Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје.

Обврските околу приредување и исплатата на дополнителните добивки ќе се уредат во Договорите со деловните соработници по пат на Анекси.

**Завршни одредби**

**Член 9**

Оваа Одлука задолжително се објавува на интернет страната на Државна Видеолотарија на Република Македонија и на уплатните места на кои се приредуваат електронските игри на среќа – Видеолотарија (ВЛТ) и се приклучени во системот на дополнителни добивки.

**Член 10**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Поодделни одредби од оваа Одлука се применуваат согласно временските периоди наведени во истата.

Генерален директор

Костадин Каракабаков

Државна видеолотарија на Република Македонија Друштво за приредување игри на среќа Касинос Аустриа ДОО СКОПЈЕ